Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 г.) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 18.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Воведување на комуникационен информационен систем во насока на Е - Влада “

### Член 1

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како партнер заедно со Агенција за економски развој исток -запад како водечки партнер и Општина Дупница како партнер да учествува во изработка и аплицирање на проектот **„Воведување на комуникационен информациски систем во насока на Е - Влада “**, по ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Поранешна Југословенска Република Македонија, буџетна линија N⁰:2007CB16IPO007-2009-1.

### Член 2

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како партнер заедно со Агенција за економски развој исток - запад како водечки партнер и Општина Дупница како партнер да учествува во имплементација на проектот **„Воведување на комуникационен информациски систем во насока на Е - Влада“**, по ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Поранешна Југословенска Република Македонија, буџетна линија N⁰:2007CB16IPO007-2009-1.

### Член 3

Општина Крива Паланка ќе ги обезбеди потребните финансиски средства за инплементација на активностите

предвидени со проектот **„Воведување на комуникационен информациски систем во насока на Е - Влада“**, кои по успешна инплементација и завршена ревизија средствата ќе бидат повратени на сметка на Буџетот на Општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.07-4328/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
18.12.2009 год. **Претседател,**
Крива Паланка **Миле Милковскис.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање согласнсот за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Воведување на комуникационен информационен систем во насока на Е-Влада“**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласнсот на аплицирање и имплементаија на проект „Воведување на комуникационен информационен систем во насока на Е-Влада“, што Советот ја донесе на 10-та седница, одржана на 18.12.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 4328/8 ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
21.12.2009 год. Градоначалник,
Крива Паланка Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 г.) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 18.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“

### Член1

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како партнер заедно со Туристичко друштво „Осогово“ Ќустендил како водечки партнер да учествува во изработка и аплицирање на проектот **„ Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“**, по ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Поранешна Југословенска Република Македонија, буџетна линија №:2007CB16IPO007-2009-1.

### Член 2

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како партнер заедно со Туриистичко друштво „Осогово“ Ќустендил како водечки партнер да учествува во имплементација на проектот **„ Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“**, по ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Поранешна Југословенска Република Македонија, буџетна линија №:2007CB16IPO007-2009-1.

**Член 3**

Општина Крива Паланка ќе ги обезбеди потребните финансиски средства за инплементација на активностите предвидени со проектот**„Осогово-зона за одмор,туризам и спорт“**, кои по успешна имплементација и завршена ревизија средствата ќе бидат повратени на сметка на Буџетот на Општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.07-4328/9
18.12.2009 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски, с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање согласнсот за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласнсот на аплицирање и имплементаија на проект „Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 4328/10
21.12.2009 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („„Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06) и согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 12/09), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 18.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во градот Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во градот Крива Паланка, со замена на постојниот тип живини светилки со натриумови светилки.

Член 2

За реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлулвање на градот Крива Паланка ќе се изработи Проект со соодветна техничка документација.

Член 3

Изведувачот на рабоатите ќе се избере по пат на јавна набавка која ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки на Општина Крива Паланка.

Чслен 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 4328/5
18.12.2009 год.
Крива Палнака

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветллување во Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во Крива паланка, што Советот ја донесе на 10-та седница, одржана на 18.12.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 4328/6
21.12.2009 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) година и член 14 од Статутот на Единицата на локална самоуправа - Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Единицата на локална самоуправа - Крива Паланка на седницата, одржана на 18.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општината Крива Палнака за 2009 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | | |
| 423990 Други материјали | 0 | -30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 483310 Купување на моторни возила | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07-4328/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
18.12.2009 год. Претседател,
Крива Паланка Миле Милковки,с.р.

___________________________

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година, што Советот ја донесе на 9-та седница, одржана на 04.12.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 4129/6
07.12.2009 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплемлентација на проект „Воведување на комуникационен информационен систем во насока на Е – Влада“.......................................... 222

2. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Воведување на комуникационен информационен систем во насока Е – Влада“............. 223

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Одлука за давање на согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“ ............................................ | 224 |
| 4. | Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност за подготовка, аплицирање и имплементација на проект „Осогово-зона за одмор, туризам и спорт“ ............................................................ | 225 |
| 5. | Одлука за реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во град Крива Паланка .................................................................................. | 226 |
| 6. | Заклплучок за прогласување на Одлука за реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување во град Крива Паланка ........................................ | 227 |
| 7. | Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година | 228 |
| 8. | Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година ............................................ | 229 |